**ИНФОРМАЦИЈА**
**за поднесена оставка од г-дин Љубен Нанов, независен член на Надзорниот одбор на ЦКБ АД Скопје**

Независниот член на Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје, г-дин Љубен Нанов, на 17.07.2023 година поднесе Известување за оставка до Собранието на акционерите на Банката, преку Управниот одбор и Надзорниот одбор на Банката.

Оставката е поднесена врз основа на членот 364, став 1 од Законот за трговските друштва на РСМ, па согласно ставот 3 на истиот член, функцијата како независен член на Надзорниот одбор на ЦКБ АД Скопје побара да престане, сметано од 25.07.2023 година.

Согласно членот 364 од Законот за трговските друштва, по поднесена оставка не се одлучува за нејзиното прифаќање. Се смета дека на членот на Надзорниот одбор му престанал мандатот со денот на поднесувањето на оставката, во писмена форма, освен ако во известувањето не е наведен некој друг датум.

Постапувајќи по поднесената оставка која стапи на сила на 25.07.2023 година, Централна кооперативна банка АД Скопје изврши бришење на г-дин Љубен Нанов од Трговскиот регистар при Централниот регистар на РСМ, од кој датум лицето повеќе не ја извршува функцијата независен член на Надзорниот одбор на Банката.

Согласно членот 89 од Статутот на Банката, на членовите на Надзорниот одбор може предвремено да им престане мандатот врз основа на лично писмено барање, па во случај на предвремено престанување на функцијата на членовите на Надзорниот одбор, на првата наредна седница на Собранието на Банката, се вршат избори за испразнетите места за остатокот на мандатот.

Централна кооперативна банка АД Скопје му се заблагодарува на г-дин Љубен Нанов за значајниот придонес кој го имаше изминативе 11 години, извршувајќи ја функцијата независен член на Надзорниот одбор на Банката.